# Ало Бушавко

## телефон за деца и млади



# 2022

## Годишен извештај

## Прва детска амбасада во светот Меѓаши


www.alobushavko.mk

https://www.facebook.com/SOSHELPLINEMEGJASHI/

alobushavko@childrensembassy.org.mk

alobushavko




ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ –
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022

# АЛО БУШАВКО

# ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

# 070 390 632

alobushavko@childrensembassy.org.mk
https://www.facebook.com/SOSHELPLINEMEGJASHI/
Alo Bushavko (@alobushavko)
https://alobushavko.mk/
http://www.childrensembassy.org.mk/

Годишен извештај за работата на АлоБушавко – телефон за деца и млади 2022

Издавач

Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ – Република Македонија

Адреса

Ул. „Коста Новаковиќ“ 22 а, 1000 Скопје

Телефон

+389 2 2 465 316

Е-пошта

info@childrensembassy.org.mk

Уредник

м-р Драги Змијанац – претседател и основач

Скопје, февруари 2023 година

## БЛАГОДАРНОСТ

Тимот на АлоБушавко - телефонот за деца и млади при Првата детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија упатува голема благодарност до сите што ни укажаа доверба изминатата година, јавувајќи се и споделувајќи ги со нас нивните грижи, дилеми и прашања.

Би сакале да испратиме порака во вид на благодарност за професионалноста и соработката на институциите како Центрите за социјална работа ширум Македонија, особено на Народниот правобранител, Интервентниот тим при ЈУМЦСР Скопје, Државниот просветен инспекторат, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука итн. Благодарни сме за соработката и поддршката од други организации: Здружение на млади правници, Коалиција за правично судење, Национална СОС линија за семејно насилство, и др., кои нè почестија со нивната соработка во текот на целата година. Посебна благодарност до Здружението на студенти по психологија *„Психеско“* за нивниот придонес во реализирање на дежурствата на АлоБушавко - телефонот за деца и млади како и во тековните кампањи и активности и севкупната промоција на АлоБушавко и работата на Прва детска амбасада во светот Меѓаши.

Горди сме што имавме можност да соработуваме, Ви благодариме за професионализмот што го покажавте и сакаме да ја задржиме и продолжиме оваа соработка и во наредната година во што поголем број!

Неизмерно им благодариме и на нашите минати и сегашни волонтерки и волонтери за нивното одвоено време кое го посветуваат во работењето на АлоБушавко-телефонот за деца и млади. Ви благодариме за целокупната помош, секогаш ја цениме вашата соработка, посветеност и несебична заложба, времето, енергијата, вештините и знаењето што го посветивте на децата кои имаат потреба од поддршка! Посебна благодарност за нашата долгогодишна волонтерка Мимоза Костоска, која во 2022 година посвети над 390 часа разговарајќи со деца, родители и загрижени возрасни и оттаму ја прогласивме за „Волонтерка на 2022 година“.

# Содржина

Резиме на наодите од работата на АлоБушавко-телефонот за деца и млади во 2022 година ..... 6
Улогата на волонтерките и волонтерите во работата на Ало Бушавко 070 390 632 ........................ 8
ПРЕГЛЕД НА НАОДИТЕ И СОЗНАНИЈАТА ОД РАБОТАТА НА АЛО БУШАВКО ТЕЛЕФОНОТ .............. 9
Кој ни се обрати во 2022 година ........................................................................................ 9
Канали преку кои, најчесто, ни се обраќаа во 2022 година .................................................. 10
Вкупен број деца и млади опфатени во дојавите според возраст и пол .............................. 11
Број на деца опфатени со дојавите според средината на живеење .................................... 11
Број на дојави според етничката припадност ...................................................................... 12
За што, најчесто, ни се обраќаа во 2022 година? .............................................................. 12
Поддршка на оние кои ни се обратија во 2022 година ........................................................ 15
ПОСЕБНИ ДОЈАВИ ШТО СЕ ЈАВИЈА ЗА ПРВПАТ ИЛИ ПОСЛЕ ПОДОЛГО ВРЕМЕ ВО 2022 ГОДИНА 16
ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ СПРОВЕДЕНИ ОД ТИМОТ НА АЛОБУШАВКО - ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ВО ТЕКОТ НА 2022 ГОДИНА .................................................................................. 18
Кампања за промоција на детските права и АлоБушавко – телефонот за деца и млади ........ 18
ПРЕПОРАКИ ........................................................................................................................ 19
Прилози ............................................................................................................................... 22
Прилог 1 .............................................................................................................................. 22
Оперативно-административни податоци за СОС-телефонот ............................................... 22
Прилог 2 .............................................................................................................................. 23
АлоБушавко-телефонот за деца и млади на Меѓаши ............................................................ 23
Прилог 3 .............................................................................................................................. 25
Методологија на систематизирање на податоците ............................................................. 25
ПРИЛОГ 4 ............................................................................................................................. 26
КОИ СЕ ИНГЕРЕНЦИИТЕ НА АЛОБУШАВКО – ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ПРИ ПДАС МЕЃАШИ? ............................................................................................................................ 26

# Резиме на наодите од работата на АлоБушавко-телефонот за деца и млади во 2022 година

Минатата  година Ало Бушавко-телефонот ѕвонеше 357 пати. И покрај тоа што бројот на деца кои нѐ контактирале не е голем, сепак споредено со минатите две години се забележуваат поголем број деца и млади кои директно нѐ контактираат. Тимот на Ало Бушавко и понатаму продолжува со напорите и активностите за охрабрување на децата и младите да се  јават за да се информираат или за да пријават прекршување на нивните права. Продолживме со пренасочување на повиците и притоа не направивме никаков прекин во давањето на нашите услуги и 24/7 достапност.

2022-та започна во пандемиското општествено расположение – образованието, освен предучилишното,  сѐ уште се одвиваше онлајн, сѐ до крајот на учебната година во јуни 2022. Почнаа да се намалуваат смртните дојави како последица на Ковид-19, новите варијации на вирусот беа со полесни симптоми па луѓето почнаа поопуштено да се враќаат на своите претходни социјални навики, сѐ повеќе се вратија на работа од канцеларии, сѐ повеќе социјални настани, приватни и деловни, почнаа да се организираат. Се чинеше дека сѐ ќе биде како што беше пред пандемијата.

Сепак, ништо не е како пред пандемијата, а особено не беше иста психичката состојба на населението после сите загуби и непријатни искуства што ги донесе двеипол годишната пандемија. И покрај тоа што имаше повеќе укажувања и од некои стручни лица и организации дека треба да се обрне поголемо внимание на менталното здравје општо, никој тоа не го адресираше.

Сето ова влијаеше на менталното здравје на целата популација, а децата и младите како поранлива категорија од возрасните последиците од негативните ефекти од пандемијата ги почувствуваа на штета на нивното ментално здравје. За жал, 2022 година ја обележаат повеќе немили настани, вклучително и трагичниот случај на изгубен живот на средношколец, кој го прекина својот живот пред самиот почеток на учебната 2022/2023 г. Размерот во кој овој настан резонираше и ефектите што ги предизвика пред се меѓу децата и младите за жал ниту стручната јавност ниту пак надлежните структури не ги амортизираа ниту се направија напори да се испитаат условите, можните чинители за повторна појава на слични случки за да може да се направат стратегии за превенција. Напротив, на овој стресен настан се надоврзаа најавите на поставени бомби во повеќе средни училишта низ градот, тренд кој за жал се до моментот на подготовка на овој извештај (февруари 2023 година) трае. Сето ова придонесува кон креирање голем број стресори за менталното здравје и зголемување на ранливоста на сите, но особено на децата и младите.

Не случајно во таков општествен контекст, на прво место на проблеми или причини заради кои се јавиле на Ало Бушавко во изминатата година се последици врз нарушено ментално здравје на децата, дури 35% од вкупните дојави, а тоа значи дека секое трето дете има нарушено ментално здравје. Меѓу причините за ваквата состојба

дополнително придонесуваат и секако нарушените родителски односи и овој проблем сепак останал и минатата година меѓу првите три места во категоријата проблеми.

Одржувањето на менталното здравје е подеднакво важно како за возрасните, така и за децата. Бракоразводните постапки и несогласувањата меѓу родителите се во најголем број причини за детската вознемиреност и страв. Исто така, вознемиреноста кај децата може да се јави и како резултат на големи промени во нивниот живот, како преселба во нов дом, живеење со само еден родител, менување на училиштето и сл. Поради овие причини, категоријата ментално здравје со 35% застапеност котира на високото прво место за извештајната 2022 година на АлоБушавко – телефонот за деца и млади.

Податоците говорат дека прекршувањата на правата на детето при бракоразводна постапка се еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат децата и нивните семејства, а ова ни укажува на фактот дека потребно е подобро и поквалитетно регулирање на семејните односи и поголемо внимание и поддршка од страна на надлежните институции со цел да се превенираат дополнителни кршења на детските права. Воедно, застапени се проблемите кои се јавувааат при доделување старателство, како и исплаќање алиментација. Покрај правото на детето за остварување контакт или средби со едниот од родителите, имаме дојави и за прекршени права на детето за контакт со лица од поширокото семејство (бабата, дедото, тетка, чичко...).

Насилството и понатаму претставува реалност за децата во Македонија. Податоците од извештајот покажуваат дека многу деца се во ризик од насилство особено од меѓуврсничко насилство со што се влијае на нивниот оптимален психофизички развој. Телесното казнување сѐ уште доминира како начин за воспитување на децата, покрај психолошката трага што тоа ја остава врз децата за цел живот. Имаме сознанија дека проблемот со меѓуврсничкото насилство е голем до тој степен што некои од родителите планираат да се отселат од Македонија токму поради тој проблем.

Во однос на другите облици на насилство, емоционалното насилство за оваа 2022 година котира високо на првото место како причина за зачестеност на повиците од оваа категорија. Навидум невидливо но е еднакво опасно како и сите други облици. Спектарот на емоционална злоупотреба е широк, а се случува кога за детето не се води грижа, не се поттикнува на развој, се занемарува, се отфрла, се игнорира, се присилува, се казнува, се спречува да се поврзе со други луѓе од неговото опкружување... Исто така, емоционална злоупотреба е и кога детето е сведок на физичко или друг вид насилство. Во овој годишен извештај иако во мал број во споредба со останатите подкатегории не е исклучена ниту сексуалната злоупотреба на децата.

Животните перспективи на децата во Македонија се засегнати заради изложеноста на сиромаштија. Голем број деца со своите семејства живеат на работ на егзистенција, при што нивните детски права се сериозно загрозени. Кога зборуваме за суштински потреби, зборуваме за изложеноста на несоодветни услови за живот кои го попречуваат оптималниот раст и развој на децата. Сиромаштијата им штети на децата и преку негативните ефекти врз нивните семејства со тоа што на децата не им се посветува доволно внимание од страна на родителите кои се приморани да работат по неколку

работи, некои од децата често се принудени и на питање, со што се зголемува можноста да станат жртви на најтешките форми на злоупотреба на детскиот труд.

## Улогата на волонтерките и волонтерите во работата на Ало Бушавко 070 390 632

Волонтерките и волонтерите секогаш биле и се многу важен дел од работата на телефонот за деца и млади. Секоја година се регрутираат нови волонтери/волонтерки кои добиваат континуирана обука на различни теми.

Благодарение на склучениот меморандум за соработка во 2021 год. со Здружението на студенти по психологија ,,*Психеско*" и оваа година активно учество земаа 10 волонтери во реализација на тековните активности и АлоБушавко – телефонот за деца и млади. Тие се јавуваат на повиците во текот на дежурствата во попладневните часови во работните денови, како и во викендите. Својот волонтерски анганжман континуирано го продолжија: Марија Брајковска, Даниел Смиљков, Десислава Цветановска, Викторија Кузманоска, Дина Велкова, Магдалена Тасевска, Мила Нашевска, Тамара Трајковска, Стефани Стојановска меѓу кои и Мимоза Костовска (професор по англиски јазик) и Марија Цветаноска (психолог) и бескрајно сме им благодарни за поддршката.

На наша особена чест и радост во текот на 2022 год. ни се приклучија и волонтер(к)и – средношколци од средните училишта на Град Скопје. Волонтер(к)ите кои земаа активно учество во тековните активности (креирање на блогови и содржини за социјалните мрежи, учество во работилници за детски права и други активности во рамки на ПДАС Меѓаши) се: Петар Павловски од СУГС „Здравко Цветковски" , Вероника Петрова од СУГС ,,Георги Димитров", Иларија Димулкова и Софија Добревска од СУГС ,,Орце Николов" ,Тарик Мустафи од СУГС ,,Арсени Јовков ". И ним мнооогу им благодариме на соработката и ентузијазмот со кој ни се придружуваат во тековните активности.

# ПРЕГЛЕД НА НАОДИТЕ И СОЗНАНИЈАТА ОД РАБОТАТА НА АЛО БУШАВКО ТЕЛЕФОНОТ

## Кој ни се обрати во 2022 година

Во овој дел даден е приказ на општи демографски податоци за дојавите, вклучувајќи го бројот на добиените дојави и бројот на деца што биле опфатени во овие дојави, потоа возраста и полот на децата на кои се однесуваат дојавите, како и етничката припадност на децата опфатени во дојавите. Во овој дел, исто така, е вклучен и приказ на начинот на којшто сме ги добиле дојавите – преку административниот телефон, преку Фејсбук-страницата на АлоБушавко или на Меѓаши, преку пошта или електронска пошта, со директно обраќање во просториите на Меѓаши или преку веб-страницата alobushavko.mk.

Во текот на 2022 година, заклучно со 27 декември, добиени се вкупно **357** дојави, со кои дополнително се остварени **619** разговори. Вкупниот број на деца и млади кои се опфатени со дојавите изнесува **450.**

Графикон 1: Број на дојави и број на опфатени деца во нив



## Канали преку кои, најчесто, ни се обраќаа во 2022 година

Во овој дванаесетмесечен период комуникацијата со дојавувачите во најголем број беше остварена преку административниот (фиксен) и/или мобилниот број на Детската амбасада Меѓаши 070 390 632, поточно примени се 283 дојави преку еден од овие два броеви. Преку е-пошта во овој период примени се 42 дојави, 19 дојави се примени на ФБ-страницата, 6 дојави се примени по пошта, 3 дојави се поднесени со лично присуство во просториите на Меѓаши додека 4 дојави се примени преку чет опцијата на веб страницата alobushavko.mk.

Графикон 2: Дојави според каналот на комуникација




* Пошта – *дојави примени примени по пошта*

**АлоБушавко - *дојави примена на веб странаната alobushavko.mk, преку чет опцијата*

***Меѓаши – *дојави примени во просториите на организацијата, со лично присуство*

****ФБ - *дојави примени на ФБ-страницата на Прва детска амбасада во светот Меѓаши*

## Вкупен број деца и млади опфатени во дојавите според возраст и пол

Дојавите за извештајната **2022** година се однесуваат на проблеми во кои биле засегнати **139** машки, **134** женски деца, а за **177** деца не е познат полот .

Следната табела дава приказ на распределеноста на децата на кои се однесувале дојавите според возраст и пол и може да се види дека најмногу од дојавите во кои се засегнати машки и женски деца се на возраст меѓу 7 и 9 години. Гледано вкупно според возрасната група, најмногу од дојавите се однесувале на деца на возраст од 7 до 9 години, потоа од 4 до 6 и на трето место по зачестеност на дојавите се за деца на возраст од 10 до 12 години. Возраста не ни е позната за 194 деца (од машки,женски и непознат пол)

**Табела 1: Деца/млади на кои се однесува дојаваот, според возрасната група, разделени по пол**

| **Возраст** | **Машки** | **Женски** | **Неопределени** | **Непознато** | Вкупно по возраст |
|---|---|---|---|---|---|
| 00 - 03 | 13 | 10 | 0 | 14 | 37 |
| 04 – 06 | 18 | 16 | 0 | 16 | 50 |
| 07 – 09 | 28 | 23 | 0 | 13 | 64 |
| 10 – 12 | 21 | 16 | 0 | 6 | 43 |
| 13 – 15 | 12 | 14 | 0 | 2 | 28 |
| 16 – 17 | 10 | 8 | 0 | 3 | 21 |
| 18 – 25 | 4 | 7 | 0 | 1 | 12 |
| 25 + | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Непознато | 33 | 39 | 0 | 122 | 194 |
| Вкупно по пол | 139 | 134 | 0 | 177 | 450 |

## Број на деца опфатени со дојавите според средината на живеење

Според средината на живеење на јавувачите, како што се гледа во **табелата 2** подолу, најголемиот број од децата или **417** живеат во урбана средина, **3** деца се опфатени со дојавите од дојавувачи кои живеат во рурална средина, непозната е средината на живеење на **30** деца кои се опфатени со дојавите.

Бројот на јавувачите од руралните средини, како и во претходните години, останува многу мал во однос на бројот на јавувачите од урбаните средини.

**Табела 2: Деца/млади на кои се однесува повикот, според средината на живеење – урбана и рурална, разделени по пол**

| | Машки | Женски | Неопределени | Непознато | Вкупно по средина |
|---|---|---|---|---|---|
| Урбана | 134 | 124 | 0 | 159 | 417 |
| Рурална | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 |
| Непознато | 5 | 7 | 0 | 18 | 30 |
| Вкупно по пол | 139 | 134 | 0 | 177 | 450 |

## Број на дојави според етничката припадност

Во однос на етничката припадност на јавувачите, како што се гледа од графиконот, **291** од вкупниот број јавувачи се Македонци, додека пак **10** Роми, а **45** јавувачи се од албанска етничка припадност. Само **1** од контактите (дојавите) се од јавувачи во останати (етнички групи) и за **10** лица не е позната етничката припадност.

**Графикон 3: Етничка структура на јавувачите**




## За што, најчесто, ни се обраќаа во 2022 година?

Во однос на причините заради кои ни се обратиле на Ало Бушавко, забележуваме дека застапени се сите четири теми – ментално здравје, повреда[1], семејни односи и пристапност а во поретки дојави има и други причини за дојава. **Забелешка**: едно дете опфатено во една дојава може и најчесто е броено и ставено во повеќе од една категорија и подкатегорија на проблеми. Тоа е така зашто проблемите никогаш не се едноставни туку повлекуваат и други. Оттаму, може да се каже дека кај 450 деца опфатени во дојавите забележани се вкупно 863 проблеми и последици од нив.

Во рамките на првата тема – ментално здравје, најголем дел од дојавите се однесуваат на емоционална вознемиреност – проблеми со гнев, страв и вознемиреност, проблеми со расположение кои се јавуваат како последица од другите категории на проблеми пријавени на АлоБушавко.

Во рамките на втората тема – повреда, поголем дел од дојавите се однесуваат на проблеми од категоријата на ментално/емоционално насилство, физичко насилство и занемарување (негрижа).

[1] во користената методологија под „повреда“ се подразбираат сите видови насилство, злоупотреба и занемарување.

Во третата тема – семејни односи, дојавите се однесуваат на проблеми и прекршување на правата што спаѓаат во категоријата семејни односи.

Во рамки на четвртата тема – пристапност, има опфатено повеќе категории проблеми и тоа: пристап до образование, основните (суштински) потреби што не им се достапни на децата и проблеми со пристап до здравствена заштита, неможноста да се добие потребната медицинска помош, неопходна здравствена заштита.

Во продолжение даден е графички приказ на најчестите категории проблеми заради кои се јавиле корисниците на телефонот за деца и млади, а потоа и подетален приказ на сознанијата. Како што може да се види од графиконот, најчеста причина за јавување е проблем што се однесува на ментално здравје (35 % од сите забележани проблеми), потоа повреда (25%), семејни односи (17%), па пристапност (12%). Со помала застапеност учествуваат и категориите на проблеми поврзани со училиштето (7%) и дискриминација и ексклузија (3%). За категориите Физичко здравје и Сексуалност нема пријавени дојави, додека категоријата Исчезнати деца е застапена со 11% од вкупниот број на добиени дојави за 2022.

Графикон 4: Категории проблеми пријавени во дојавите




Табела 3: Број на деца и млади кои се регистрирани според категории на проблем

| Категорија на проблем | Вкупно |
|---|---|
| Ментално здравје | 305 |
| Повреда | 218 |
| Семејни односи | 145 |

| | |
|---|---|
| Пристапност | 105 |
| Училиште | 63 |
| Дискриминација и ексклузија | 24 |
| Исчезнати деца | 3 |
| Физичко здравје | 0 |
| Сексуалност | 0 |
| | |
| Вкупно | **863** |

Забелешка: Кај голем дел од дојавите се пријавуваат повеќе од еден проблем, така што секое засегнато дете е броено во секоја од горните категории каде е релевантно, односно едно дете може да се појави во повеќе од една категорија на проблем.

- МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ – 35 %

Најголем процент од проблемите– 35% (305 деца се регистрирани во оваа широка категорија) се засегнати **со проблеми што влијаат врз менталното здравје на децата.** Најчесто, тоа се манифестира со емоционална вознемиреност поврзана со искуството на лутина или фрустрација. Емоционалната вознемиреност пак е одговор на повеќе различни причини поради кои бил остварен контактот. Лутината е емоција која вклучува силно чувство на незадоволство и непријателство предизвикано од нешто реално или нереално. Фрустрацијата е емотивен одговор на незадоволство што може да се појави кога некој ќе наиде на отпор кон постигнување некоја цел.

Најчесто причинител за ваквата психолошка состојба кај децата во дојавите што ги добивме е односот на родителите што произлегува од бракоразводите; неусогласеноста на родителите за гледање со детето, односно неостварување контакти и средби на еден од родителите со детето или децата по разводот и по доделување на старателството на еден од родителите. Како причина за емоционална вознемиреност се појавуваат и интерперсоналните односи во образовниот процес (врсник – врсник, наставник – ученик).

Овие дојави се однесуваат на повеќе видови подкатегории на менталното здравје:

- Загриженост за себе - 21
- Емоционална вознемиреност - проблеми со гневот - 20
- Емоционална вознемиреност - страв и вознемиреност - 111
- Емоционална вознемиреност - проблеми со расположението - 65
- Проблеми со однесувањето во исхраната – 18
- други проблеми поврзани со менталното здравје - 70

- ПОВРЕДА – 25 %

218 деца биле регистрирани во оваа категорија и подкатегориите во неа како жртви на повреда во најразличен облик. Во вкупниот број забележани проблеми оваа категорија учествува со 25 %. Овие дојави се однесуваат на повеќе видови повреда:

- Меѓуврсничко насилство - 25

- Физичко насилство - **32**
- Ментално/емоционално насилство - **43**
- Сексуално насилство - **5**
- Занемарување (негрижа) - **24**
- Економска експлоатација – злоупотреба на детски труд – **11**
- Друго/Неодредено - **78**

- СЕМЕЈНИ ОДНОСИ – 17 %

Проблемите од категоријата „семејни односи“ учествуваат со **17%** во вкупниот број проблем. Голем број деца, дури **145** се регистрирани во оваа категорија проблеми, а се однесуваат на проблемот со прекршување на правото на детето при бракоразводни постапки и непочитување на решенијата од центрите за социјална работа, по основ правото на контакт или средби на детето со другиот родител кој не е старател.

- ПРИСТАПНОСТ – 12 %

Голем е бројот на деца, вкупно **105** кои се опфатени во дојавите за прекршување на правото на пристапност и се однесуваат на проблеми поврзани со:

- пристап до образование – **50**
- суштински потреби – **26**
- проблеми со пристап до здравствена заштита – **11**
- пристап до правни услуги – **4**
- услуги за ментално здравје - **2**
- неодредено/ друго – **12**

ДРУГИ ПРОБЛЕМИ

Меѓу категориите проблеми што се однесуваат на помал број деца опфатени во дојавите се следните: училиште – **63** деца, дискриминација и социјална исклученост – **24** деца, физичко здравје – **0** деца, исчезнати деца – **3**, сексуалност **– 0.**

## Поддршка на оние кои ни се обратија во 2022 година

Во овој 12-месечен период во најголем број беа преземени интервенции на обезбедување директна помош или поддршка на дојави во кои се засегнати **88** деца. Освен директната помош, дадени се препораки во дојавите кои се однесуваат на **292** деца и млади, дадени се информации за контакт на соодветната институција во кои се опфатени **124** деца, потоа **64** деца или млади беа упатени до други организации или

институции, додека **62** деца се упатени до агенции/институции надлежни за спроведување на законот. Најчесто, дојавувач(к)ите беа упатувани до следните служби и институции во зависност од проблемот за кој се јавиле:

- до стручните служби во училиштето;
- во агенција (институција) за заштита на децата во земјата;
- до различни здравствени работници и други организации со кои соработуваме;
- до агенциите за спроведување на законот во земјата;

Во текот на постапувањето и давањето поддршка на децата, тимот на АлоБушавко -телефонот за деца и млади соработуваше со Центрите за социјална работа од Скопје и другите градови, Народниот правобранител, Секторот за внатрешни работи, училишта, Здружението на млади правници, Коалицијата за правично судење и други чинители и организации заради давање подобра и поефикасна поддршка на јавувачите. Во текот на оваа година продолжи блиската и успешна соработка со скопскиот центар за социјална работа и со нивниот Интервентен тим во повеќе наврати. Дојави што се однесуваа на насилство врз деца, родителска несоодветна грижа, непостапување според издадено решение за остварување контакт или средба со родителот по развод, се дел од успешните примери за кои заедно со Народниот правобранител успеавме да го подобриме остварувањето на правата на повеќе деца.

**Графикон 5: Преземени активности**




# ПОСЕБНИ ДОЈАВИ ШТО СЕ ЈАВИЈА ЗА ПРВПАТ ИЛИ ПОСЛЕ ПОДОЛГО ВРЕМЕ ВО 2022 ГОДИНА

Во овој дел се осврнуваме на дојавите што не се вообичаени во долгогодишната пракса на АлоБушавко-телефонот за деца и млади и како такви ги издвојуваме како посебни студии на дојава. Имено, станува збор за четири категории на дојави што се

јавија за првпат или после подолго време на телефонот. Без да навлегуваме во причините и поради заштита на идентитетот на семејствата, ги презентираме главните настани/појави во продолжение.

- **Интернет сексуална злоупотреба и хакерски напад на цело семејство**
- **Детска порнографија помеѓу малолетници и масовно споделување на социјални медиуми**
- **Убиство на малолетник од небрежност и страв од можна трговија со детски органи**
- **Физичко насилство на малолетници од страна на спортски тренери**

Зошто токму овие дојави ги издвојуваме како сериозни проблеми за оваа година (?) – бидејќи тимот на АлоБушавко ги почувствува стравот, неправдата, очајот и болката со кои се соочуваат родителите. Овие дојави не само што ги прекршуваат правата на децата и возрасните, туку се измачувачки за целото семејство. За жал неефикасноста на системот во вакви тешки моменти на загуба и секојдневно вознемирување значајно влијаат врз добросостојбата на сите членови во семејството.

Како организација што ги застапува правата на децата, внимателно следевме, апелиравме за заштита на децата и реагиравме во рамки на нашите можности до сите соодветни институции и организации кои би можеле да помогнат, поддржат, насочат. За жал, неефикасноста на системот, дополнително ја разгорува болката на семејствата но и на нас како организација која се бори за поправеден свет за секое дете.

Поради неефикасноста на системот да пронајде IP адреси на хакер којшто секојдневно вознемирува семејство со малолетно дете, притоа споделува и несоодветна и порнографска содржина на нивните познаници и пријатели, детето на возраст од 13 години како последица од преголем стрес заврши на психијатрија поради појава на тикови.

По повеќе дојави за физичко насилство од страна на спортските тренери ширум Македонија, многу деца нема да можат да ја исполнат својата животна желба како успешни спортист(к)и поради недоличното однесување и неетичкиот кодекс на нивните тренери. Поради емоционалното и/или физичкото насилство овие малолетни деца освен со физички повреди се здобиле и со автоимуни заболувања, намалена самодоверба и одбивност кон спортот како последица од стресот и анксиозноста за време на тренинзите.

Поради нерегуларноста на надлежните институции и следењето на законските прописи и процедури, едно семејство нема никогаш да ја дознае вистината поради која го загубиле своето 16 годишно дете во сообраќајна незгода. Поради истата причина, родителите се сомневаат на трговија со детски органи. Возачот кој го сторил делото, не одликува на описот од сведоците и истиот се здобил само со условна казна.

14 годишно дете повеќе нема да ја има истата самодоверба и добросостојба бидејќи било изманипулирано од свои врсници и сексуално злоупотребено. За случајот да биде уште по страшен, трето лице видео снимката од настанот масовно ја споделува на социјалните мрежи.

Како Детска амбасада навистина сме загрижени за неоптималната состојба која сите ние како чинители во општеството со годините сѐ повеќе ја создаваме. Екстремните дојави и експресното ширење на истите, ни го поставува прашањето дали постои граница на човечкото оптимално реагирање и расудување.  Повторно, како и во изминатите години, со загриженост констатираме дека во континуитет со години се случува злоупотреба на деца и потребна е повеќе од макотрпна ангажираност и посветеност кон намалување на бројката на децата жртви, не само на државните институции и НВО секторот туку и на индивидуите во општеството. Токму затоа, ги повикуваме сите релевантни фактори во државата да ги заштитат децата и на прво место да ги стават интересот и добробитта на детето.

Како позитивен пример, за разлика од претходните неколку години во кои скоро и да немаше директни обраќања од деца, оваа на телефонот 070 390 632 и преку чет опцијата на веб платформата https://alobushavko.mk/ **директно ни се обратија 28 деца и млади до 18 години**. Ова е значаен податок за нас, особено зашто доминантна причина за јавувањата се поврзани со менталното здравје. Во исто време, ни укажува дека напорите што ги правевме преку промотивните активности во 2022 година, а започнати во 2021 г., допреле и охрабриле определен број деца да ни се обратат директно и поразговараат со нас за работите што ги тиштат или за кои размислуваат. „Ало Бушавко“ телефонот како линија на која децата се ислушани, поддржани и советувани без притоа да се наруши нивната анонимност, приватност и доверба.

# ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ СПРОВЕДЕНИ ОД ТИМОТ НА АЛОБУШАВКО - ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ВО ТЕКОТ НА 2022 ГОДИНА

## Кампања за промоција на детските права и АлоБушавко – телефонот за деца и млади

Детската амбасада Меѓаши во текот на 2022 година спроведе кампања во основните и средни училишта за промоција на детските права која траеше во текот на целата година. Кампањата се реализираше комбинирано, преку онлајн работилници на платформата ZOOM со интерактивно учество на децата преку гледање слики и видеа за училиштата низ цела Македонија и со физичко присуство во училиштата или во просториите на Прва детска амбасада во светот Меѓаши за основните и средни училишта на територија на Град Скопје. Работниот јазик при реализација на работилниците е: Македонски и Албански, а темите кои беа опфатени се поврзани за: живот, образование и родители.

Со кампањата беа опфатени повеќе од 1000 ученици и тоа во неколку градови: Скопје, Велес, Штип, Прилеп, Струга, Дебар, Битола, Гостивар.




Работилниците беа одржани од страна на следниве волонтерки/волонтери: Емине, Иларија, Викторија, Марија, Емира, Десислава, Даниел, Тарик, Вероника, Софија, Стефани, кои вложија голем труд и покажааа голема мотивираност и желба да се промовираат детските права, а воедно и да се подигне свесноста кај децата и младите за проблемите кои следуваат од прекршување на истите. Процесот и текот на кампањата беше под менторство на Клементина Добревска (психолог на АлоБушавко), Јорданка Ч.Трајкоска (психолог и коодинатор на АлоБушавко) и Гордана П. Змијанац (в.д директорка и основач на ПДАС Меѓаши).

Целта на оваа кампања е запознавање на децата и младите со нивните права, и отворање на прашањата колку од нив се запознаени и го разбираат нивното вистинско значење. Но исто така се става акцент и на прашањето: Колку овие права се почитувани од врсниците во пракса?

Дополнително, една од целите на кампањата е промовирање на АлоБушавко – телефонот за деца и млади 070 390 632, при што беа разгледувани прашањата како на пример зошто е потребен телефонот, принципот на работа и кој стои зад АлоБушавко-телефонот за деца и млади, како едни од најскокотливите претпоставки кои будат дилеми кај најмладите.

Непомалку значајно, беа промовирани комуникациски канали на АлоБушавко меѓу кои и ново-лансираната веб страница alobushavko.mk која нуди содржини од интерес за младата популација, но и за родителите и наставниот кадар.

## ПРЕПОРАКИ

Сознанијата до кои доаѓаме преку директниот контакт и разговор со луѓето на достапните канали за комуникација на Ало Бушавко, не само што ни овозможуваат допир со реалноста туку и ни укажуваат каде треба да се вложат поголеми напори во севкупниот

систем на заштита на правата на децата. Во продолжение ги посочуваме нашите препораки според проблемот.

## Препораки за подобрување на менталното здравје на децата и младите

Оваа широка категорија проблеми се покажа како најчесто застапена во дојавите. Со подетално разгледување што точно се подразбира се покажува дека скоро две третини од проблемите со менталното здравје се манифестираат со емоционална вознемиреност при што најчесто децата се жалат на страв и вознемиреност (анксиозност). Не е занемарлив ниту бројот на проблемот со промена во расположението, но и проблеми со справување со гневот и загриженоста за себе. Како што беше укажано погоре, овие проблеми најчесто се јавуваат како последица на нарушените односи меѓу родителите во процесот на развод или после истиот, но и во меѓучовечките односи во образовниот процес и тоа и меѓуврсничката комуникација но и меѓу наставниот кадар и децата.

Нашата препорака се однесува пред се на родителите и наставниот кадар како најблиски до децата, оние кои можат директно да ги забележат овие симптоми и директно да реагираат, но уште поважно да превенираат вакви состојби кај децата. Особено препораката е до стручните служби во училиштата, и основните и средните, да посветат поголемо внимание на менталното здравје на децата и да понудат повеќе содржини и активности за децата преку кои ќе се обработуваат теми од важност за менталното здравје кај децата. Во иста насока стручните служби заедно со наставниот кадар, особено класните раководители, треба да понудат и содржини, пред се едукативни и советодавни и на родителите.

Апелираме и до носителите на одлуки, и на централно и на локално ниво, да носат програми и да поттикнуваат активности за подобрување на условите за правилен психички развој на децата.

## Препораки за подобрување на состојбата на безбедност на децата и младите

Како што ни укажуваат податоците една четвртина од проблемите со кои се соочуваат децата се однесуваат на прашања поврзани со безбедноста на децата. Тука пред се беа забележани проблеми во врска со повеќе видови насилство, дури над 50% од проблемите во оваа категорија се однесуваат на насилство.

Повторно препораките се однесуваат на образовните институции, да водат грижа за атмосферата на безбедност и да нудат програми, активности и содржини преку кои ќе се подигнува свеста за штетните последици од насилството и да градат култура на мир. Во повеќе наврати кога сме ги прашале децата, сме добиле исти или слични препораки од различни деца, кои сумирани се однесуваат на следното – да има програми за обука на децата, родителите и наставниот кадар за спраувување и превенција на секаков вид насилство, да се воведе задолжителен разговор со психолозите и да се воспостави како вообичаена пракса советување со училишниот психолог, да имаат децата место и лице каде да се обратат кога се соочуваат со некоја состојба или проблем што ги вознемирува.

## Препораки за јакнење на советдовната улога на центрите за социјална работа во делот на семејните односи

Трет по ред проблем според зачестеноста во 2022 година, а прв во изминатите неколку години на Ало Бушавко телефонот за деца и млади се семејните односи. Во 2022 година овој проблем учествува со 17% во вкупниот број проблеми.

Ова е алармантна бројка која се повторува низ годините наназад што ни укажува дека треба да се спроведат дополнителни мерки и едукации преку советодавна работа на родителите при нивната разделба. Особено да се обрне поголемо внимание и освестување за штетата што ја прават со нивната конфликтна меѓусебна комуникација, притоа не водејќи сметка за потребата на детето, да ги сака двајцата родители подеднакво. Родителите треба да се свесни дека сѐ што ќе му се испречи на патот кон реализирање на оваа природна потреба, прави огромна штета на детето и особено штетно влијае врз неговиот психо-физички развој и единствен исход од меѓусебните конфликти во бракоразводните постапки се трауматски последици кај нивните деца. Од друга страна, за да се намали анксиозноста и стресот кај децата и ваквите ситуации да имаат помало влијание врз нивната добросостојба, апелираме до Центрите за социјална работа да посветат поголемо влијание и доколку е возможно да воведат задолжителна советодавна работа со децата вклучени при бракоразводните постапки.

## Препораки за работата на Ало Бушавко телефонот за деца и млади за поголемо доближување на овој сервис до децата и младите

Загрижени заради многу малиот број деца и млади кои дирекнто ни се обраќаа на Ало Бушавко веќе подолго време, во 2021 година започнавме кампања за правата на децата меѓу основните училишта, во рамки на која ги запознававме децата и со постоењето на овој сервис. Кампањата ја продолживме и во 2022 година што вроди со мал, но за нас значаен напредок – во текот на 2022 година директно ни се обратија 28 деца и млади, или преку телефонот или преку чет опцијата на веб платформата АлоБушавко.

Препораката за нас е дека начинот на водење на кампањата преку вклучување на младите волонтери во директна комуникација со ученици од основни и средни училишта преку кампањата за правата на децата треба да продолжи и во иднина. Дополнително, со вклучување во тимот волонтери и волонтерки на заинтересирани ученици од средното образование придонесуваме кон уште поголемо доближување на сервисот и поголема свест меѓу децата и малдите за нивните права.

# Прилози

# Прилог 1

## Оперативно-административни податоци за СОС-телефонот

**Име на линијата за помош**: АлоБушавко-телефон за деца и млади

**Адреса**: ул. „Коста Новаковиќ“ бр. 22 А, Скопје

**Регион на работа**: Македонија

**Работно време на СОС-линијата**:

- секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот,
- 24/7 дежурства во попладневните часови во работните денови ( 16 - 08ч)
- 24/7 дежурства во викендите и неработните денови (00ч – 24ч )

**Е-пошта контакти**: sos@childrensembassy.org.mk, alobushavko@childrensembassy.org.mk

**Веб-страница**: www.childrensembassy.org.mk и https://alobushavko.mk/

**Социјални мрежи:**

- **Фејсбук**: AloBushavko / СОС-линија за деца и млади https://www.facebook.com/SOSHELPLINEMEGJASHI/
- **Инстаграм:** alobushavko https://www.instagram.com/alobushavko/

**Контакт телефони на СОС-линијата**: +389 (0)70 390 632

**Статус на ослободеност од наплата на линијата**: мобилниот телефон не е бесплатен, за жал немаме поддршка од домашните телекомуникациски оператори иако правиме напори да го добиеме бесплатниот меѓународен број на СОС-линии за деца 116 111

# Прилог 2

## АлоБушавко-телефонот за деца и млади на Меѓаши

АлоБушавко - телефонот за деца и млади функционира 29 години, од октомври 1993 година. Во текот на сите овие години до 2022 год. обезбедена е некаква помош и/или совет на **22.073** пријавени дојави.

### *Зошто е потребен телефон за деца и млади?*

Сите оние кои се грижат за добросостојбата на децата, за нивните права, кои сакаат да укажат на злоупотреби, занемарувања, насилство, сиромаштија и експлоатација, се обраќаат преку АлоБушавко-телефонот, ние ги слушаме и секогаш кога е неопходно апелираме и во јавноста за подигнување на свеста за определено прашање. Податоците добиени на СОС-телефонот ги систематизираме и анализираме и ги изнесуваме во форма на годишен извештај. Овие анализи во извештаите ги користиме за информирање и влијание врз носителите на политиките и одлуките, а заедно со нашите соработници/соработнички се обидуваме да ги насочиме животите на децата кон подобро.

Целта на СОС-телефонот за деца и млади е да овозможи споделување информации и поддршка за некое прекршено право на детето, помош при застапување и лобирање, промовирање на правата на детето и промоција на АлоБушавко-линијата како медиум за помош на децата. Во текот на разговорите не се даваат готови решенија на проблемите, бидејќи не постојат универзални решенија, туку се разговара за можни алтернативи за решавање на проблемот за кој ни се јавиле.

### *Принципи на работа на АлоБушавко-телефонот за деца и млади*

Работата на СОС-телефонот е цврсто заснована на принципите на Конвенцијата на ООН за правата на детето што ги истакнуваат правата на децата на приватност и заштита од повреда. Притоа, принципите на доверливост и анонимност се во основата на работата. Податоци за дојавувачите и засегнатото дете се доставуваат на надлежните институции само доколку сериозноста на проблемот го наложува тоа.

Приниципи на работа:

1. **Најдобар интерес на детето** – секогаш на прво место се става интересот на детето, за секоја конкретна ситуација се прави проценка за најдобриот интерес на детето;
2. **Доверливост –** податоците кои се добиваат од лицата кои се јавиле се од доверлив карактер и не се достапни на јавноста, се користат само за статистички податоци или анализи;
3. **Достапност –** Ало, Бушавко, телефонските броеви и другите комуникациски канали (чет, е-пошта) се достапни 24/7;
4. **Анонимност** – лицата кои се јавуваат и советувачите имаат право да останат анонимни.

*Кој стои зад АлоБушавко?*

Стручниот тим на АлоБушавко –линијата за деца и млади го сочинуваат педагози, психолози, и волонтери/волонтерки од овие профили. Посебно место во работењето имаат волонтерите/волонтерките.

*Со кого соработува АлоБушавко-телефонот за деца и млади?*

Во текот на своето работење АлоБушавко-телефонот за деца и млади остварува соработка со повеќе чинители – надлежни институции, други невладини кои работат во полето на правата на детето или на некаков начин ги опфаќаат правата на детето, како и со индивидуални професионалци. Во зависност од видот на проблемот за кој ни се обраќаат јавувачите и во зависност од прекршувањето на правата на децата, службата постапува паралелно и со писмени обраќања до надлежните институции ги следи постапките што ги преземаат овие институции во врска со дојаваот и реагира доколку согледа дека не постапуваат во најдобар интерес за децата.

АлоБушавко – телефонот за деца и млади при Меѓаши е дел од глобалната мрежа на СОС-линиите Child helpline International (CHI), меѓународна мрежна организација којашто е призната од Европската комисија, Генералниот директорат за правда, како стратешки партнер во јакнењето на улогата на детските СОС-линии во Европа. Оваа глобална мрежа е признаена и на светско ниво и има значајна улога во подобрувањето на остварувањето на правата на децата засновано на реални податоци.

# Прилог 3

# Методологија на систематизирање на податоците

Методологијата на систематизирање на дојавите се состои во бележење на секој контакт (дојава) како еден дојава, следејќи ја основната структура на рамката на клучни категории и поткатегории подготвени од глобалната мрежа на СОС-линии Child Helpline International, чија членка е Првата детска амбасада во светот Меѓаши од 2004 година.

Структурата на рамката се состои од:

- Општи категории податоци што се однесуваат на контекстот на дојаваот , но не се однесуваат на причините за јавување: возраст, животна ситуација, ранливи групи, односи, локација на проблемот, регион, јавувачи, начин на контактирање.
- Четири теми што се однесуваат на причините за јавувањето (загрозување, здравје, социјална благосостојба и друго), со 11 категории распределени во нив и подкатегории во секоја од категориите.

Под дојава се подразбира секоја прва остварена комуникација. За секој или речиси секој дојава комуникацијата продолжувала со повеќе реализирани разговори, сè до посакуваното решавање на проблемот за кој е остварен контактот.

### Дефинирање на пол/род на деца и млади за кои се однесуваат дојавите

Согласно рамката, секогаш кога е можно сите податоци се расчленуваат и анализираат според полот/родот односно секој вкупен број дојави се анализира според полот/родот на детето или младиот човек што е засегнат во дојавата.

**Машки:** Деца или млади кои првенствено се идентификуваат како машки.

**Женски**: Деца или млади кои првенствено се идентификуваат како женски.

**Неопределени**: Деца или млади кои првенствено не се идентификуваат како машки или женски.

**Непознато**: Деца или млади чиј пол не може да се идентификува од различни причини

# ПРИЛОГ 4

## КОИ СЕ ИНГЕРЕНЦИИТЕ НА АЛОБУШАВКО – ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ПРИ ПДАС МЕЃАШИ?

- Да ги застапува правата на детето;
- Да даде психолошко и правно советување на или за деца;
- Да ги упати дојавувачите до советници во училиштата (психолози, педагози, дефектолози), до институциите за заштита на деца или до институциите за спроведување на законот (центар за социјална работа, полиција, Народен правобранител), до здравствени работници или до други организации како посоодветни за решавање на конкретниот проблем и да соработуваме со нив доколку е потребно;
- Да преземе директна акција заедно со надлежни институции по нивно барање, на пример, со интервентен тим на Центарот за социјални работи од Скопје, полиција итн.;
- Директно да се обрати до надлежните институции за спроведување на законот преку допис, барање, известување, или повик;
- Да пријави дојава до соодветната институција во име на дојавувачот по претходна добиена писмена дозвола од истиот, вклучително и дозвола добиена по електронски пат;

*АЛОБУШАВКО – ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ НЕМА НИКАКВА НАДЛЕЖНОСТ ДА ГО НАПРАВИ СЛЕДНОТО:*

- Да ги застапува правата на возрасните при бракоразводни постапки, сопственички права, наследноправни односи, лични тужби и слично;
- Да дава психолошки и правни совети на возрасни за нивни лични проблеми во кои не се директно засегнати децата;
- Да извршува контрола на лице место во која било јавна институција (центар за социјална работа, училиште итн.) или приватна (спортски клубови, игротеки и слично). Може само да упати апел или пријава до надлежните да извршат контрола;
- Да прави теренски увид, (на пример: посета на семејство, на место на случување на настан, јавни места итн.);
- Да споделува работи кои се доверени како информација меѓу јавувачите засегнати за ист настан или проблем;
- Да споделува дописи од институции за спроведување на законот, на родителите/јавувачите;

- Да врши медијација при нарушени меѓучовечки односи меѓу правни и физички лица во кои се вклучени деца;
- Да дава препораки за судски одлуки и решенија на центрите за социјална работа;
- Да истражува во јавни или приватни установи по добиена дојава (вработени во установи, училишта, меѓучовечки односи, видео снимки, фотографии, настани итн). Меѓаши не е истражен орган и нема такви надлежности

Подготвиле:

Клементина Добревска*, психолог на АлоБушавко- телефон за деца и млади*

*Јорданка Ч. Трајкоска, координатор на АлоБушавко-телефон за деца и млади*

*Гордана П. Змијанац, в.д директорка и основачка на ПДАС Меѓаши*

# 2022

## Годишен извештај

## Прва детска амбасада во светот Меѓаши

# Ало Бушавко

## телефон за деца и млади

## 070 390 632

Прва детска амбасада во светот Меѓаши
Меѓаши
Прва детска амбасада
Ние сме иднината
Република Македонија

www.alobushavko.mk
www.childrensembassy.org.mk
www.bushavko.mk